# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО


С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 27.08.2025<br>БРОЈ 65 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |



З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати на територијата на Општина Берово

О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати на територијата на Општина Берово

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Одлуката за измена на Статутот на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

О Д Л У К А за давање на согласност на Одлуката за измена на Статутот на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за неусвојување на Шестмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

З А К Л У Ч О К за неусвојување на Шестмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Исток

О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Исток

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Запад

О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Запад

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на позитивно мислење на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово

О Д Л У К А за давање на позитивно мислење на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за определување на местата и условите
за истакнување на изборни плакати на територијата на
Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати на територијата на Општина Берово со Бр.09-3199/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/1 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08,148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14,30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17,35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен Весник на РСМ” бр.202/2024), Советот на општина Берово на 69-тата Седница на Совет одржана на 27.08.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за определување на местата и условите
за истакнување на изборни плакати на територијата на
Општина Берово

Член 1
Со оваа Одлука се определуваат местата и условите за истакнување на изборни плакати на територијата на општина Берово.

Член 2
Како место на кое ќе се истакнуваат изборни плакати, без надоместок, се определуваат:

2.1 Во градот Берово за истакнување изборни плакати без надоместок се определуваат следните места:
- да се постави монтажна - демонтажна рекламна табла - пано со максимални димензии 2, 00 x 1,00 метар (секој пред својот штаб);
- Сити лајтот на плоштадот во Берово, парк-простор (Ковачовски);

2.2 Во останатите населени места:
- во руралните населби на ѕидовите на задружните домови (сопственост на општината);
- на потпорни ѕидови на улиците;
- оградни ѕидови на јавните површини, и
- деловни објекти во државна сопственост.

Член 3
Како дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надомест се постојните билборди и рекламни паноа со надоместок и договор со сопственикот на паноата, и тоа:
- металните билборди на следните локации:

o раскрсница помеѓу улица “Зоран Бубевски” (поранешна „Моша Пијаде„) со ул. „Маршал Тито“;
o на улица „23 Август“ кај постојната автобуска станица.

Член 4
Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде што се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Член 5
Право на користење на определните места имаат организаторите на изборната кампања - политички партии, коалиции и групи на избирачи кои учествуваат во изборниот процес со свои кандидати.

Член 6
Подносителите на листите ќе ги истакнуваат изборните плакати на простор определен за нив, од страна на Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина и Одделението за урбанизам при Општина Берово.

Член 7
Општината гарантира еднакви услови за сите организатори на изборната кампања при истакнување на плакатите.

Член 8
Забрането е уништување на изборни плакати или лепење на плакати преку други плакати на други организатори на изборна кампања.

Член 9
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-3199/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за давање на согласност на
Одлуката за измена на Статутот на
Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на согласност на Одлуката за измена на Статутот на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово со Бр.09-3200/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/2 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга”
Берово за 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година со Бр.09-3201/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/3 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр. 202/2024) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 69-тата седница, одржана на ден 27.08.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање на согласност на
Одлуката за измена на Статутот на
Дом на културата “Димитар Беровски” Берово

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена на Статутот на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово, донесена од страна на Управниот одбор на Дом на културата “Димитар Беровски” Берово, со Бр.02-95/1 од 11.08.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3200/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 69-тата седница одржана на 27.08.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на
Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга”
Берово за 2025 година

1.Се усвојува Шестмесечен Извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година, Бр.01-262/2 од 06.08.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3201/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на
Шестмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за неусвојување на Шестмесечен финансиски извештај за работа на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година со Бр.09-3202/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/4 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 69-тата седница одржана на 27.08.2025 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на

Шестмесечен Извештај за финансиско работење на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година

1.Не се усвојува Шестмесечен Извештај за финансиско работење на ЈПКР “Услуга” Берово за 2025 година, Бр.01-262/4 од 06.08.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3202/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за прифаќање на донација
од Ротари Клуб Скопје – Исток

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Исток со Бр.09-3203/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/5 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.61/04……209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Берово на 69-тата седница одржана на ден 27.08.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација
од Ротари Клуб Скопје – Исток

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата која ќе биде дадена во добра и услуги од давателот Ротари Клуб Скопје – Исток.

Член 2

Донацијата која ќе биде дадена на Општина Берово е опрема за теренска работа, како помош на ТППЕ Берово и тоа:

- Стартер за полнач 500А – 1 парче и
- Аг.брусалка ДГА504РТЕ – 1 парче.

Вкупната вредност на донацијата изнесува 39.998,00 денари.

Член 3

Донацијата од член 2 на оваа Одлука ќе се користи за потребите на ТППЕ Берово.

Член 4

Целта на донацијата е да се подобрат условите за теренско делување на ТППЕ Берово, како и да се овозможи дополнителна опременост со оглед на актуелните потреби и ограничените ресурси.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3203/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за прифаќање на донација од
Ротари Клуб Скопје – Запад

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација од Ротари Клуб Скопје – Запад со Бр.09-3204/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/6 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.61/04……209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Берово на 69-тата седница одржана на ден 27.08.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација
од Ротари Клуб Скопје – Запад

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата која ќе биде дадена во добра и услуги од давателот Ротари Клуб Скопје – Запад.

Член 2

Донацијата која ќе биде дадена на Општина Берово е опрема/униформа за вработените во ТППЕ Берово и тоа:

- Панталони за шумски пожари сертифицирано по МКС EN ISO 15384, МКС EN 1149-5:2018 и МКС EN ISO 11612:2015 A1+A2+B1+C1+F1 – 16 броја и
- Професионални полувисоки чизми за шумски пожари во согласност со МКС EN 15090 F1A+HI3+SRC+CI+R – 16 пара.

Член 3

Донацијата од член 2 на оваа Одлука ќе се користи за потребите на ТППЕ Берово.

Член 4

Целта на донацијата е да се подобрат условите за теренско делување на ТППЕ Берово.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3204/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Б е р о в о Петар Ружински с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на позитивно мислење на
Статутарна одлука за изменување и дополнување на
Статутот на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на позитивно мислење на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ “Дедо Иљо Малешевски”
Берово со Бр.09-3205/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 27.08.2025 година.

Бр.08-3209/7 ОПШТИНА БЕРОВО
27.08.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Советот на Општина Берово на 69-тата седница одржана на 27.08.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на позитивно мислење на
Статутарна одлука за изменување и дополнување на
Статутот на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово

Член 1

Советот на Општина Берово дава позитивно мислење на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово со Бр.01-387/1 од 07.08.2025 година, донесена од Училишниот одбор при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-3205/1 Совет на Општина Берово
27.08.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р.

ИЗРАБОТИЛ:
ОПШТИНА БЕРОВО